# COMRADE FROM UDB-a DESTROY THEM ALL!

**Sonja Nikolova, PhD**
Municipality of Shtip, Department of Education
sonja.nikolova@ugd.edu.mk

## Abstract

The topic of the paper is an analysis and a critical review of events related to persons sent to Goli Otok. The total number of persons who were sent to Goli Otok is not yet verified, but according to recent studies it is assumed that to Goli Otok and other camps have gone from 40 to 60,000 of which 3,800 prisoners died in the camps. On one or few days were imprisoned from 200,000 to 250,000, and in socialist Yugoslavia of about 17.3 million people approximately 1,000,000 citizens were persecuted. It does not apply only to the prisoners but we have to have in mind the fate of many families who were evicted from their houses, confiscation of property, dismissal, forced cooperation, rape, breaking up the marital community, eviction or relocation, changing profession and disabling to thrive and any other psychical and physical pressure.

The main hypothesis from which the article starts is the assumption that the leader of Yugoslavia, Josip Broz Tito in the deportation of Goli Otok found an appropriate way to carry out a complete cleansing of his party unrestrained people and forever exclude them from the political scene and at the same time show his rivals how to clear his own yard from political opponents. The first to strike were the old Communists, participants in the labor movement between the two world wars that have been connected for decades with the revolutionary activity and the Soviet Communist Party.

The article aims to determine to which extent Josip Broz's interest in clearing party ranks prevailed in comparison with the alleged threat of the CPY and Yugoslavia and how serious the danger was, in terms of announced measures by the Informbiro, or was the main reason to eliminate the possible dangers following the monopoly rule of Josip Broz.

In the article we will reflect on the fate of the prisoners of R. Macedonia, who under the sign of „informborovci“– opponents of Tito’s policy finished to Goli Otok, and the fate of their families in the period until 1989 through memories of the victims.

**Keywords:**
Communist party, Informbiro, Goli Otok, Josip Broz Tito

**Theme/s:** Macedonian history, History of Totalitarianism,

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology history of art, ethnology, other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology
FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of S. Bohemia, Czech Rep.
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

Доц. д-р Соња Николова

# „ДРУГАРИ УДБ-ОВЦИ[1], УНИШТЕТЕ ГИ СИТЕ!“[2]

Познато е дека Информбирото претставуваше советодавен орган на комунистичките партии за размена на искуство и меѓусебна соработка на комунистичките партии на Југославија, Бугарија, Романија, Унгарија, Полска, СССР, Франција, Чехословачка, Италија и др. Основано е при крајот на 1947 година со седиште во Белград. Меѓутоа, поради состојбата во КПЈ т.е. наводното „отстапување од марксизмот – ленинизмот“ беше донесена Резолуција на Информбирото во која се разгледуваше состојбата во Комунистичката партија на Југославија. КПЈ не ги прифати обвинувањата кои беа набележени во Резолуцијата[3] и беше исклучена од членство на Информбирото[4].

По ова односите меѓу двете партии се заоструваат, доаѓа до напади и обвинувања кои имаат свој одраз како на меѓупартиските, така и на меѓудржавните односи. Судирот од ден на ден ескалираше и премина во дотогаш изненадувачки напади, кои никој не можеше да ги претпостави. За прв пат, пред меѓународната заедница јавно беше покажано дека меѓу компартиите не постои единство, дека една од компартиите е надвор од контролата на матицата - СССР. Во меѓусебниот судир се употребуваа најостри вербални напади и етикетирања. Југославија и нејзиниот партиски врв беа осудувани за изневерување на принципот на марксизмот-ленинизмот, за ревизионизам, дека Југославија е агент на западниот империјализам и ги повикуваа здравите сили во КПЈ да го сменат раководството. Несомнено таквата состојба доведе

---

[1] Управа за државна безбедност.

[2] Изјава на Јосип Броз Тито дадена на 13 мај 1949 година на Празникот на државната безбедност (ОЗНА – УДБ), за расчистување со сите оние кои ја поддржале Резолуцијата на Информбирото.

[3] Резолуцијата во целост е дадена во *Голооточки сведоштва*, Зборник, книга прва, Редакција и коментари Димче Најчески (Скопје: МЕНОРА, 1999) 7-9. Понатаму (*Голооточки сведоштва*, Зборник, книга прва,...).

[4] Тодор Чепреганов, Историја на Македонскиот народ 1941-2009, *Македонија. Милениумски културно историски факти* (Скопје: Медија Принт Македонија, Универзитет Евро-Балкан, 2013), 2516-2518.

и до заострување на меѓудржавните односи што сигурно имаше одраз и врз стабилноста на државата.

Во таква ситуација државниот врв на ФНР Југославија презеде ригорозни мерки со цел на секој можен начин да ја анулира опасноста која беше резултат на Резолуцијата на Информбирото. Се презедоа мерки за зајакнување на државниот апарат, особено беа засилени полицијата, КОС[5] и војската и едновремено беа преземени мерки за чистење на партијата. Посебно на удар беа оние кои не ја прифаќаа новата политика на КПЈ, а недвосмислено ја поддржуваа Резолуцијата на Информбирото. Поради тоа тие лица беа сметани за „предавници на Револуцијата, ненародни елементи, продадени души, кариеристи, луѓе со низок морал и сл“[6].

Сигурно дека во ваква ситуација меѓу оние членови на КПЈ кои ја поддржуваа Резолуцијата или беа неутрални се појави збунетост и страв, недоверба и сомничавост во секого. Во таква ситуација органите на прогонот ги пуштија во оптек сите средства: провоцирања, подметнување, измами, лажење сè со цел да ги проверат членовите на партијата и нивната лојалност. Тие беа немилосрдни кон оние кои ја поддржуваа Резолуцијата на Коминтерната, а тоа беа пред сè предвоените членови на Комунистичката партија и истите тие беа во првите редови на НОАБ. Многумина од нив беа ставени пред свршен чин и требаше само по едно читање на Резолуцијата, на партиските состаноци да се изјаснат „за“ или „против“ Резолуцијата. Меѓу нив имаше бројни симпатизери и пријатели на СССР, а СССР беше идеалот во кој се колнеа сите, при што не треба да се заборави и традиционалното пријателство со големиот словенски народ, овенчан со победата против фашизмот и од тие причини не беше мал бројот на оние кои ја поддржуваа Резолуцијата. Нивната судбина со тоа беше запечатена. И не само за нив, туку и за нивните семејства, започна живот на постојана тортура и страдање.

---

[5]На 13 март 1946 година бил укинат III отсек на ОЗНА и од него била формирана Контраразузнувачката служба (КОС) како самостојна служба, поставена во воената организација, чии задачи биле контраразузнавачка заштита на Југословенската армија (ЈА) од разузнавачко –субверзивна дејност, спречување на дејствата на странските разузнавачки служби спрема ЈА, но и преземање на превентивно безбедносни мерки во единиците на ЈА. Од формирањето на КОС со него раководел помошник министерот за народна одбрана. http://www.vba.mod.gov.rs/III_faza.html#.VbQ2I7NX9kg

[6] *Голоточки сведоштва*, Зборник, книга прва,... 9.

„Без збор тоа беше време на страв, несигурност и неизвесност, лесно можеше човек ни крив ни должен да настрада. Пред и да ги сфати причините за затворањето, бил подложуван на репресии од секаков вид. Достатно беше да те прогласат за сомнителен, да бидеш наклеветен или провоциран, дури и некој да ти ја има кимката, за да бидеш приведен во казаматите на УДБ. Со тоа, сеедно дали сакаш или не, ти стануваш приврзаник на Резолуцијата на ИБ, твојата судбина засекогаш е запечатена, ќе го сносиш тешкото бреме на најозлогласените казненици“[7].

Етикетата „информборовец“ им се прилепуваше на сите оние кои од различни причини биле незадоволни или изразувале несогласување со политиката на Партијата. Со сигурност може да се констатира дека решението за формирање на специјални концлогори е донесено и одобрено од Тито[8], но неспорно е дека во тоа имаат замешано прсти и останатите членови на Политбирото на ЦК на КПЈ и блиски Титови соработници[9].

Голи оток е место кое се одликувало со сурова клима, изолирано и надвор од погледите на јавноста. Требало да претставува место каде што „неправоверните“ партиски членови и поддржувачи на Резолуцијата на Информбирото требало да се превоспитаат и покајат.

"Во периодот од 1948 до 1963 година во Југославија, Резолуцијата на Информбиро беше поддржана од 55.663 лица, или посебно, дефинирани според нивната улога во општеството, луѓето беа поделени во неколку групи: 5.081 работници,

---

[7] *Голооточки сведоштва*, Зборник, книга прва,...19.

[8]„...Тој беше долгогодишен член на КПЈ/СКЈ, доживотен шеф на државата, врховен командант на вооружените сили-сета власт беше сконцентрирана во него, од него зависеше целокупниот општествен, политички, економски, идеолошки живот во Југославија, „ Титова Југославија“. Ако се има предвид големиот авторитет на Тито стекнат во антифашистичката војна и силната потркрепа од СССР, како најлојален учесник во војната, Тито беше неприкосновен господар во Југославија во годините непосредно по Втората светска војна “. *Голооточки сведоштва*, личности и судбини, Зборник, книга втора, текстови и редакција Димче Најчески, (Скопје: 2002) 5. Понатаму (*Голооточки сведоштва*, личности и судбини, книга втора,...)

[9] Лицата одговорни за формирање на Голи Оток биле Стево Крајачиќ раководител на Хрватската државна безбедност и Едвард Кардељ, еден од најпознатите југословенско комунистички лидери. Teon Dzingo, Goli Otok – „Wyspa Śmierci“, Wina i kara, społeczeǹstwa wobec rezliczeǹ zbrodni popełnionych przez reżimy tetilatarne w latach 1939 – 1956, Institut pamięci narodowej, komisja, ścigania zbrodni przeciwko narodowi polskiemu, Studia I materiały pod redakcją naukową patryka pleskota, Institut pameci narodowej, (Warszawa: 2015), 417.

5.626 фармери, 4.008 студенти, 21.880 учесници во Втората светска војна, 4.153 припадници на армиските единици, 2.616 лица на високи позиции во партиската номенклатура, 1.722 припадници на полициските единици и 1.189 функционери и членови на општините. Повеќе од 16.000 од нив беа испратени во затвор или таканаречена општествена корисна работа, но во бројки, поделени според републиките во Југославија, не беа еднакви. Најголем дел од нив биле Срби кои сочинуваат 44%, од Црногорците 21%, Хрватите 15%, Македонците 5%, Словенците 3%, Албанците 2%, Бугарите 1,5% и Унгарците 1,5%. Јасно е дека мнозинството го сочинуваа Србите и Црногорците, главно поради историското наследство и заеднички идеали помеѓу Србија, Црна Гора и Русија во минатото. Сепак, најбројните апсења се случиле во периодот меѓу 1949 и 1951 година.

Лица кои ја прифатија резолуцијата поделена од републики / провинции:

| Република/ провинција | Лица кои ја прифатиле Резолуцијата на Информбирото | Процент | Процент од населението на Републиката/провинцијата |
|---|---|---|---|
| Босна и Херцеговина | 4543 | 8,16 | 0,18 |
| Црна Гора | 5007 | 9,00 | 1,32 |
| Хрватска | 6953 | 12,49 | 0,19 |
| Македонија | 2662 | 4,78 | 0,23 |
| Словенија | 934 | 1,68 | 0,07 |
| Србија | 28661 | 51,49 | 0,69 |
| Косово | 1514 | 2,72 | 0,23 |
| Војводина | 5389 | 9,68 | 0,32 |
| Вкупно | 55663 | 100,00 | 0,35 |

Случувањата на федерално ниво се рефлектираа во секоја република поединечно, во помала или поголема мера. И македонските комунисти не беа поштедени од настаните поврзани со резолуцијата на Информбирото. Околу 850, најголем број членови на комунистичката партија, беа судени и испратени „во претпријатието Мермер“. „Официјално, Голи оток никогаш не бил именуван како затворски камп. Тој беше именуван како работен камп ‘Мермер’. Затворениците не беа испраќани на затворска казна, тие беа испратени на социјална корисна работа. Судските процеси се држеле единствено само за припадниците на армијата, додека

другите непријатели на државата никогаш не биле однесени на суд. Цивилите биле носени на Голи оток како административна мерка изречена од локалните, административни службеници. Административната мерка никогаш не била документирана како казна, по нејзиното изрекување, затвореникот бил директно носен на Голи Оток“[10].

**Голи Оток**

Што претствувал Голи Оток и каков бил односот на поранешните соборци кон осудените другари го опишува македонскиот поет Венко Марковски[11] во неговиот прозен запис „Голи Оток – Остров на смртта“ (1956-1961)[12]:

„Ме прашуваш каде се наоѓам? Се наоѓам на Голи Оток. До 1948 година Голи Оток е непознат на географската карта. Тоа е остров во Јадранското Море. Со чудна и нестабилна клима е тој остров. Ако има бура, и сред жешкото лето како да е лута зима. Ако има сонце, и сред лута зима е како во пеколно лето. Островот е каменест. Нема ни грст земја...Сеќаваш дека се наоѓаш во предворието на земниот пекол...

Зар е можно во дваесеттиот век, во една земја каде раководителите се бореле и војувале за посветла иднина, за среќа на луѓето, за еднаквост меѓу народите, да е изграден далеку од човековиот поглед таков нечовечки затвор?

[10] Цитирано според: Teon Dzingo, Goli Otok – „Wyspa Śmierci“, Wina i kara, społeczeństwa wobec rezliczeń zbrodni popełnionych przez reżimy tetilatarne w latach 1939 – 1956, Institut pamięci narodowej, komisja, ścigania zbrodni przeciwko narodowi polskiemu, Studia I materiały pod redakcją naukową patrykapleskota, Institut pameci narodowej, (Warszawa: 2015), 417.

[11]Марковски Венко, (Скопје, 5.III 1915 –Софија, 7.I 1988) бил поет, драмски автор, преведувач, општественик, дводомен македонски и бугарски автор, емигрант, полит-затвореник, партизан, учесник во НОБ (1941-1944), афирматор и одречувач на македонската национална самобитност и јазик, трагична илустрација на недорастолкуван автор со огромен книжевен опус и несфатливи противречности во индивидуалната судбина пример за контроверзна творечка личност прифатена и одречувана во две национални средини (Македонија и Бугарија). Во 1949 година е уапсен заедно со повеќе од дваесет члена од неговата фамилија. Во 1955 година повторно е уапсен и суден и испратен на Голи Оток, каде издржува казна од пет години затвор до 1961 година. По враќањето останува без работа и без средства за издржување и е под постојана пресија на гонење и следење.

[12] Гане Тодоровски, *Книга за Венко Марковски*, (Скопје: Штрк, 2009).

Каков е, впрочем, Голи Оток? Каква е неговата биографија? Дали ѓаволот слегол од небото за да го создаде овој страшен Голи Оток? Човекот или нечовекот ли го надминал пеколот создавајќи нечовечки ад?

Таму нема луѓе. Луѓето се сенки. Сенките се некогашни борци за слободата. Таму луѓето се бројки, броеви, во партали, во дронци. Од изутрина до вечер се протегнува жална врволица по пустиот Голи Оток. Очите им се потонати во незнајни бездни. Рацете им се прекршени од бурите на нечовечката тортура. Нозете како да им се оковани во тешки железа. Со наведнати чела се. Не зборуваат, не се огледуваат. Секоја сенка за себе си е одделна страница од еден пропаднат живот.

Кои се тие луѓе? Од каде се? Каков е престапот нивни? Каков грев направиле? Каков тоа престап извршиле? Дали се тоа криминални престапници? Тие се обвинуваат со пострашни од сите видови престапи. Со голи раце, кога крвавиот нацистички злосторник се втурнал во нивната земја, го среќаваа непријателот, му го одземаат оружјето и го фаќаа патот кон партизанското движење. Тие се овде собрани на Голи Оток од сите краишта на земјава. Нивниот престап е што пред блиски, пред иследувачките органи, и пред судот отворено, јасно кажуваа дека се со Советскиот Сојуз, и дека советските народи на свои плеќи го изнесоа на светлина на денот човечкиот род и го спасија човештвото од суровата кафеава чума. Тука се собрани смелите меѓу најсмелите, решителните меѓу најрешителните, непоколебливите меѓу најнепоколебливите[13]. И еве, во темни ноќи недоспани, со тревожни мисли во главите пипците на УДБ-а ги изловија, ги извлекоа од родните постели, ги фрлија на немилост на егзекуторите, за да се изживуваат со нив, да се подигруваат со она што им е најсвето, да ги отераат далеку од родните огништа и од семејствата. Да ги претвораат во нелуѓе. Мнозина од нив ги голтна ненаситната морска стихија. Мнозина од нив под камењата лежат непогребани, а на зловештиот Гргур, што е наспроти Голи Оток, зјаат крвавите јами на трупови што се истепани со клоци, со стапови, со лопати и уште ноќе во глувата тишина, кога морето ќе стивне и брановите со дремка ќе задремат, се слушаат подземни стенкања на недоубиените. Така ни Хитлер не постапувал со своите душмани. Така ни Нерон не ги убивал во онаа темна епоха христијаните[14]. Од каде се

[13] Исто таму, 452.
[14] Исто.

најде таа злоба и лошотија кај луѓето кои до вчера рамо до рамо оделе спроти општиот душман. Која рака ќе ги собере во една безимена гробница?

Која рака ќе им постави надгробна камена плоча? Која рака ќе ги напише нивните имиња врз студениот мермер?...

Голи Оток е населен со привиденија. Воздухот на Голи Оток тежи како леден челик. Времето на Голи Оток е уште во бронзената епоха. Сè на Голи Оток е грозно, страшно. Сè тука како да зборува со нем мртвечки јазик: некогаш и ние бевме живот, сега сме смрт! Некогаш и ние бевме радост, сега сме жалост и тага. Некогаш и ние бевме река, сега сме глува застојана тиња. Сега сме спржена безживотна пустина...[15]

Овде на Голи Оток се собрани и професори, и студенти, и работници, и селани, и полковници, и генерали, и војници, и млади момчиња, и оронати старци, и општественици, и некогашни државници, и некогашни министри, и партиски раководители...[16].

Под конвојот од стражари и агенти излегуваме на брегот на Голи Оток. И излегувањето не е обично. Тоа станува со удирање во ребрата, со клоци одзади, со тупаници и со боксови на раката подготвена за ракопашен бој...[17] Но овие канибали на XX век одамна заборавиле и род и роднини. Овие таткоубијци и клеветници одамна продале свој род и роднини...[18]

Нечовечка била мислата човечка која го раѓала создавањето на Голи Оток. Човечкиот летопис познава затвори и концлогори од кои, при споменувањето на нивните имиња...накострешува и здивот го запира во градите. Милиони безимени, невини, изгорени во пеколни печки, ограбени, пепелта нивна бури и ветрови ја разнесувала по светот. Страшен е Дахау. Злокобен е Освјенцим. Глув е Бухенвалд. Орадур ја потресува паметта. Лидице ја смрзнува крвта. Но Голи Оток – со својата жестокост ги надмина сите жестокости на човекомрсците...[19]

[15] Исто, 453.
[16] Исто, 454.
[17] Исто, 455.
[18] Исто, 458.
[19] Исто, 459.

Чекори стариот учител Панко Брашнаров[20], другарот на Васил Главинов[21], револуционерот, интернационалистот, кој го обрекол својот живот во борбата за правда и слобода. Тој живеел во најтешки услови како ехимонах, не почуствувал нежно милување на мила другарка, ја влечел затвореничката риза, одделуван од блиски роднини, уште не израдуван на изгревот на социјализмот, кој не беше го доизрекол уште својот прв говор при создавањето на АСНОМ (Антифашистичкото собрание на Македонија), и него мрачниот насилник го фрла во пеколот на Голи Оток. И Панко Брашнаров изчезнува без трага. Неговите роднини на велешките гробишта поставуваат петокрака ѕвезда со натпис – Овде лежи Панко Брашнаров. А целиот град знае дека тука никаков ковчег и коски нема. Никој не присуствувал на неговото погребување. Никој не се проштевал на гробот на својот стар учител. Никој не го испратил до последниот негов дом со цвеќиња, каде што почива за вечни времиња. Кој знае каде лежат неговите коски? Кој знае која зарамнета земја го скрила неговото измачено тело? Кој знае во каква јама меѓу други безимени и тој се нашол? А можеби на Гргур, блискиот на Голи Оток остров, лежи во страшна безимена костурница?“[22].

Во прилог го пренесуваме и сеќавањето на Страхил Бегинов, роден 1918 г. во Велес. За член на КПЈ бил примен во 1939 г. и активен учесник во НОАБ.

„На трети февруари 1949 година лишен сум од слобода поради Резолуцијата на ИБ, заедно со повеќе членови на Главниот одбор на работничките синдикати на Македонија, со кои, главно, имав разменето мисли за Резолуцијата...Ја прифатив веднаш Резолуцијата, штом го прочитав и проучив нејзиниот текст. Тоа го сторив бидејќи уште пред да излезе Резолуцијата бев расколебан од истапите на Јосип Броз –

---

[20] Роден е во Велес на 9. VIII 1883, умира на Голи Оток, Хрватска, на 17.VI 1951) – учител, македонски политички активист, учесник во социјалистичкото и во комунистичкото движење во Македонија, еден од организаторите на ВМРО(Об) во Вардарскиот дел на Македонија, делегат и прв претседавач на Првото заседание на АСНОМ. На 2. VIII 1944 г. го отворил Првото заседание на АСНОМ, а потоа бил избран и за прв потпретседател на Президиумот. На 11.XII 1950 г., под обвинение дека е за Резолуцијата на Информбирото, бил уапсен. Осуден бил на 24 месеци затвор на Голи Оток, каде што болен и разочаран починал по само десетина дена.

[21] Роден е во Велес во 1869, умира во Софија на 24. I 1929 – основоположник на социјалдемократското движење во Македонија. Како столарски работник на печалба во Софија го прифатил и го ширел социјализмот. Членувал во Бугарското работничко друштво „Братство“. Во 1893 г. ја формирал самостојната Македонска социјалдемократска група со задача да ја шири социјалистичката идеологија меѓу македонските печалбари и во Македонија. По Илинденското востание Главинов исцело се ориентирал на класното работничко движење. По Првата светска војна дејствувал во Бугарија.

[22] Гане Тодоровски, *Книга за Венко Марковски*,...461-462.

Тито во Љубљана, Загреб и во Белград во 1945/46 година. Од текстот на неговите говори можев да разберам, дека не се во согласност со марксизмот-ленинизмот, дека отстапува од неговите позиции...Мојата дејност во врска со Резолуцијата е вербална. Конкретниот повод за моето затворање е дека не сум манифестирал јавно оти сум против Резолуцијата, како и приложени изјави од некои личности оти отворено се изјаснив во нејзин прилог...Не знам и самиот зошто, потоа ме зедоа и ме одведоа кај началникот на Републичката управа на државна безбедност Елисие Поповски. Тој, само што влегов во неговиот кабинет, веднаш ми постави прашање: дали знам зошто сум лишен од слобода. Му одговорив дека претпоставувам, но не гледам причина затоа да бидам лишен од слобода, бидејќи не сум делувал организирано, туку само сум разменил мисли со неколцина добри познаници, комунисти во врска со настанот и со Резолуцијата на ИБ...[23].

Физичка тортура не е вршена врз мене, но затоа психичката тортура беше тешка и убиствена. Спроводникот ме поведе долу во визба и ме затвори во клозет-карцер. Во него минав 21 ден, без да можам да седнам, а да легнам не можеше да стане збор, зашто неговиот простор беше метро на метро. Потоа ме префрлија во ќелија бр. 10, веднаш спроти карцерот. Должината во неа беше метро и осумдесет, а широчината шеесет сантиметри. Над вратата имаше отвор 20/30 сантиметри, со прикачена светилка над него. Преку отворот влегуваше мала количина воздух и дишењето беше отежнато. Светилката светеше деноноќно, поради што не знаев кога е ден, а кога е ноќ. Единствена предност во неа беше што можев да седнам, да испружам нозе и да легнам. Во карцерот и во ќелијата бр. 10 поминав цели седум месеци, при што можев да се мрднам со умот, од што не беа исклучени поединци коишто боравеа во редот на исти ќелии подредени од 1 до 10...[24].

Во истрага бев цели девет месеци, иако немаше никаква истрага, туку само ме земаа одвреме навреме од ќелијата и ме водеа до иследникот. Тој ќе ме прашаше дали дошло до промена кај мене, што се однесува до Резолуцијата на ИБ. Штом ќе му одговорев дека не дошло, веднаш ме враќаше назад во ќелијата.

[23] *Голооточки сведоштва*, Зборник, книга прва,... 20.
[24] Исто таму, 21.

По девет месеци...изречена ми е административна казна од две години и веднаш потоа ме испратија на Голи Оток...Пречекот таму беше повеќе од грозен: сосема се газеше личноста на човекот, што не беше во затворите и логорите во предвоена Југославија, како и кај бугарскиот окупатор, против кого се боревме. А не беше подобро и во време на издржувањето на казната: казнениците беа принудени да се прогонуваат и да се тероризираат меѓу себе, обезличувајќи се како луѓе, а посебно пак, како комунисти...Мојот престој на 'Голи Оток' е три години и три месеци, со истрагата рамно четири години. Ослободен сум од логорот при крајот на 1953 година. Повторно сум затворен 1956 година...за непријателска пропаганда и осуден на двеипол години, казната ја издржував во затворот Идризово. За ништо друго, ами што држев до себе, да не се урнисам како човек, а посебно како комунист, во име на Резолуцијата на ИБ имам издржано вкупно 6,5 години затвор[25].

При моето второ затворање, жената доживува тешки стресови, при бркањето и селењето од станот, без претходно да ја известат за тоа, а исто така била застрашувана дека ќе биде избркана од работа. Поради тоа кај неа дошло до внатрешно крварење, кое тешко се одразува на нејзината здраствена состојба; станува хронично срцев болен, од што, иако релативно сè уште млада, почина.

По издржувањето на казната, посебно по втората, наидувам на ред пречки, како по однос на вработувањето така и во секој друг поглед...[26].

Што се однесува до мојот став во однос на Резолуцијата, не е ревидиран; останав со исти сфаќања и по издржувањето на казната, и до денес ги имам задржано истите сфаќања.

Методите за „превоспитување", што се применуваа врз казнениците, се неспоредливи со што и да е човечко. Нивната намера беше да го убијат човекот во човека; и да му го исперат умот и разумот, да ја деградираат неговата личност како човек. Тоа беше одвратно и повеќе од сè друго понижувачко, заслужува секаква осуда, дотолку повеќе што мнозинството кои го поминаа Голи Оток беа носители на борбата и организатори на револуцијата, а имаше и поединци и нејзини основатели: учесници во Октомвриската социјалистичка револуција во Русија, учесници во граѓанската

[25] Исто.
[26] Исто.

антифашистичка војна во Шпанија и др. Тоа гнасно и наказно дело можеа да го сторат само безумци и бездушници...“[27].

На историската наука воопшто не и е непознат начинот со кој воспеаниот лидер расчистувал со своите неистомисленици. Документирани се постапките на Јосип Броз и неговиот пат до лидерската позиција и ваквото однесување секако не е за изненадување. Ако доволно детално се анализираат неговите политички чекори, како и на кој начин тој успева да ја зацврсти својата политичка кариера, може да се забележи дека Јосип Броз мошне вешто и суптилно го елиминирал секој кој ќе му застане на патот на неговото лидерство и секое спротивставување или загрозување на неговата политичка позиција било жестоко казнувано[28].

Посебно треба да се истакне дека во дадената ситуација, Резолуцијата послужила како добредојдена причина и „алиби“ Централата да расчисти со старите комунистички кадри кои беа во редовите на партијата од периодот меѓу двете светски војни. Многу од нив беа Македонци, долгогодишни комунисти кои на свои плеќи ја извојуваа слободата на народот.

Трагично е сеќавањето на Стојмир Јордановски-Мирче, учесник во НОВ од 1941 година, кој во партизани стапува 1943 година, знаменосец на Првата македонско – косовска бригада, а по војната извршувал општествено-политички функции. И покрај фактот што не се изјаснил за Резолуцијата на Информбирото, фактот што на двапати одбил да излезе на говорница и да ги чита рефератите на Милован Џилас, како поддржувач на Резолуцијата е испратен на Голи Оток и престојувал таму од 1950 до 1054. За она што доживеал на Голи Оток, меѓу другото ќе истакне: „Сите режими и власти на светот што применувале и измислувале тортури беа собрани на едно место – Голи оток. Сè и сешто се применуваше за да се скрши човекот, човечкото во човекот да се избие...

На луѓето, од една страна, да им се лутиш, да ги презираш, а од друга страна да ги жалиш...Мал процент голооточани останаа ‘цели’. Одвај 10%... На Голи Оток видов како таткото сведочи против својот роден син. Го ваѓаат пред строј во нивната, во

[27] Исто, 22.

[28] Соња Николова, *Методија Шаторов Шарло помеѓу чеканот и наковалната,* (Штип: НУ-УБ „Гоце Делчев“-Штип , 2016), 87-91.

бараката во која и јас бев, а се збираат и од другите бараки/павилјони. Таткото му се обраќа на синот:

- Кажи, мајчето твое, што ми рече, каде сакаше да бегаш?
- Ништо не сум ти рекол, татко, ништо не сум ти рекол! – одбива синот.
- Убијте го, мајчето негово, убијте го, лаже! тврди таткото.

Имаше и обратни случаи: син да напаѓа татко“[29].

„Маките на Голи Оток се неопишливи...На Голи Оток имаше работи што не се докажуваат. Ова што го зборувам е само една десетина, бидејќи намерно порано сум се трудел да заборавам многу нешто. Присеќавањето ме вознемирувало, па сум барал лекарства за смирување. А и сега не сакам да се сеќавам – од грозење. А и немало и кому да кажам. Самото мое појавување меѓу луѓето се карактеризираше како ‘ширење на непријателска пропаганда’... “[30].

Веднаш по завршувањето на војната, новата комунистичка власт, со цел заштита на новиот општествен поредок, поведе енергична акција против сите оние кои на каков било начин иднината на Федерална Македонија не ја гледале во рамките на Федеративна Југославија. Затоа сите оние кои по војната се залагаа и формираа организации под претекстот на ВМРО и ја застапуваа идејата за самостојна, независна и обединета македонска држава се најдоа под ударот на УДБ-а. Под обвинение дека се продолжена рака на Иван Михајлов на организираните судски процеси беа осудувани на повеќегодишни затворски казни. Еден од нив е и Ефтим Гашев, кој бил член на Македонското национално движење „Бунт“[31]. Како што истакнува Гашев во „Бунт“ работеле „строго конспиративно иако меѓусебе се познававме во ограничен број...се движев главно во кругот на Трајко и Борислав, каде што речиси секојдневно се

[29] Стојмир Јордановски – Мирче, *Една голооточка голгота*, соопштува д-р Стојан Ристески, изд. Никола Костески, Охрид, август 1991, 39-40.

[30] Исто таму, 50.

[31] На 30 мај 1938 година во Скопје на иницијатива на Трајко Попов, од с. Раштак (Скопско), Борислав Градишки, студент од Скопје, Гле Ристевски, автокаросерист од Скопје и Македонецот-муслиман, Нури, работник од Скопје го формирале Македонското национално движење „Бунт“. Организацијата немала за цел да прерасне во политичка партија, туку да претставува еден неформален политичко-агитационен актив, со првенствена задача: да ја шири идејата за македонската национална свест, да се спротиставува на српскиот, а по 1941 година и на бугарскиот окупатор во ширењето на антимакедонската асимилаторска дејност. Гашев активно се вклучува во организацијата „Бунт“ во јануари 1943 година. Ефтим Гашев, *Нашата кауза*, второ издание, авторско издание, (Скопје: 2007), 33.

информиравме за нашето дејствување што, главно се состоеше од агитација и пропаганда против бугарската асимилаторска политика“.

По ослободувањето народот требаше да сфати дека со новиот систем нема да има шега, односно дека ќе се преземаат драстични мерки против сите оние кои на било каков начин ќе го попречуваат воспоставувањето на истиот. Покрај соработниците на окупаторот, предавниците на националната чест и сл. како најопасни се третираа политичките противници на режимот, односно оние кои иднината на Македонија не ја гледаа во Федеративна Југославија, туку во формирање на самостојна, независна и обединета македонска држава. Како противник на ново воспоставениот социјалистички систем Ефтим Гашев е затворен на 23 мај 1945 година. Во затвор е до 12 март 1952 година, каде поминува разни физички и психички тортури. Пренесуваме само еден фрагмент од неговите сеќавања: „Освен физичката тортура за затворениците најголеми непријатели беа жешките лета и студените зими. Посебо за оние што работеа на отворено. Летото на туланата, а зиме вадењето на песок од Вардар...При едно транспортирање на вагонетките, една полна вагонетка се превртува во огромна дупка полна со студена вода. Тоа беше на св. Архангел - 21. 11. 1949 година. И пак мораше да интервенира поголема група „спасители“, како по правило, - младите вмровци...Требаше да се нурнат во студената вода за со бетонско железо да ја врзат вагонетката и со влечење и туркање да ја извадат на брегот. Младите тела трепереа под ударот на студенот ветер и смрзнатата вода. Додека траеше акцијата на спасувањето надзирателите со стапови ги шибаа измрзнатите и скочанети тела на младите вмровци. Вагонетката и „скапоцениот“ товар беа спасени по цена на неподносливи маки на младите осуденици. Полната цена ја платија со своите млади животи, росните вмровци...кои од оваа авантура заработија воспаление на белите дробови, а веднаш потоа брзотечна туберколоза и за кусо време починаа“[32].

**По враќањето**

Сигурно дека излегувањето од логорот кај секој затвореник предизвикувало вистински метеж. Тоа бил психолошки шок. Како да се истисне преку ноќ мислата од

[32] Ефтим Гашев, *Нашата кауза,...*321.

постојана работа со најпримитивни средства, без прекин и без одмор, во неподносливи услови за спиење и вршење на физиолошки потреби, изгладнети, со лузни, болести, физички оштетувања. Посебно треба да си истакне нивната уништена психа. Требаше да признаат дека се предавници, дека ја изневериле Партијата, дека треба да се покајат, дека се поправиле и дека застанале на Титовиот пат, а тоа пред сè беа борци кои беа во првите редови на НОАБ. Сето тоа ги доведувало до психички кризи и дури до самоубиства[33].

Но прашањето е што најдоа кога се вратија дома? Најдоа домови кои беа анатемисани, скоро никој не смеел да ги посетува. Голем дел од сопругите добиле откази од работа, малтретирања, понижувања па дури и силувања. Се плашеле да контактираат, да зборуваат, ги напуштиле и пријателите и комшиите. Сите се плашеле од информбировците како да се губави. При вработувањето сите имале проблеми и секој од нив се наоѓал по надзор. Секој бил будно следен од партиските организации, од управата на работните организации и од секој кој сакал да ја покаже правоверноста во Партијата, при посетите на видни политичари морале да заминат надвор од градовите. Не ретко се случувало да бидат повикувани на разговор кај службите, да им се одземаат пасошите, некои повторно биле враќани во логор како непоправливи, некои судени на наместени судски процеси, на некои им било оспорувано правото на „Партизанска споменица 1941 година“ само поради тоа што биле казнети по ИБ, им се вршел притисок и уцени да соработуваат со органите на УДБ-а, голем број од нив биле контролирани до крајот на својот живот.

Исто така државата многу често вршела психички притисок на сопругите на затворениците, непријатели на државата, принудувајќи ги да се разведат. Оние кои не се придржувале до барањата на агентите на УДБ-а исто така се сметале за непријатали, предавници на државата.

Сигурно дека по излегувањето, сите оние кои го поминале мачилиштето морале да се соочат со стварноста и на кој било начин требало да се вклучат во тековите на животот. Еден од нив, Ефтим Гашев, ќе истакне „со денот на излегувањето од затвор почнува да тече ‘споредната’ казна – ‘губење на граѓанските и политичките права’“. По излегувањето од затвор требало да се вклучат во изградбата на социјализмот поради

[33] *Голооточки сведоштва*, Зборник, книга прва,... 22, 174.

што беа и затворени. Гашев го употребува терминот „излегување, а не „ослободување“ од затвор. Тој смета дека „не може да стане збор за некакво ослободување, зашто ние осудениците што сме ѝ се спротиставиле на актуелната власт во најсуптилниот сегмент од нејзиниот федеративен државен систем, и по излегувањето од затвор имавме третман на народни непријатели. Квалификација која за жал ќе ја носиме сè до гроб“ [34].

Сигурно дека барањето работа во државата која ги беше осудила беше одлука да се помират со сопствената судбина и да живеат под ист покрив со оние кои ги прогонувале, а немале гаранција дека нема да ги прогонуваат и понатаму. За нив КП беше „туѓа и инспиратор на сето зло нанесено врз македонскиот народ и секогаш бевме на маргините на општествено-политичкото живеење“[35].

По враќањето во своите домови сите поранешни политички затвореници биле под постојана присмотра и прогон. За тоа како се чуствувал по враќањето, Гашев ќе истакне: „Со години и децении не можевме да добиеме пасош за патување во странство. Кога во Македонија ќе дојдеше во посета, Тито, или друг странски државник, тогаш ‘опасните’ беа изолирани во затворски карантин по неколку дена. Во такви и слични случаи неретко бевме известувани за критичните неколку дена да не излегуваме од дома. Домашен притвор! Во организациите каде што работевме, редовно бевме опкружени со кодоши и третирани како граѓани од некој друг ред во државата. Повремено нè повикуваа во УДБ-а на советодавни разговори, а кога во меѓувреме се случуваа политички бегства преку граница или некаква политичка антидржавна дејност на поединци или групи, некои од бившите затвореници беа по неколку дена затворани и иследувани. Во оваа смисла и нашите најблиски семејства беа под ист и сличен третман. Сето тоа го загорчуваше животот. Поучени од животното политичкото и затворското искуство, бевме принудени на извесна ‘самоизолација’, со ограничување на контакти со роднини и пријатели, со цел да ги ослободиме од непотребни непријатности или да ги одбегнеме ‘темпираните’ контакти и посети од луѓе што ја прифатиле ролјата на провокатори и своевидни кодоши. Мора да се каже дека и покрај сето погоре изнесено, некогашните осуденици на некој начин се прилагодивме на животот што нè опкружуваше и во своето секојдневно работење, се однесуваме лојално како граѓани на оваа земја, оградувајќи се од политичко делување. На ваков

[34] Ефтим Гашев, *Нашата кауза...338.*
[35]Ефтим Гашев, *Нашата кауза,...* 338.

начин главно ги амортизиравме конфликтите со полицијата и покрај нивното перманенто следење“[36].

Сѐ до 1989 година „молчеа жртвите, молчеа и џелатите, молчеше и историската наука. Човек се праша дали можат да застареат и да се стават ад акта толку злосторства (да ги споменеме само физичките усмртувања, смислените убиства, физичките и психичките осакатувања) сторени во една држава што не се наоѓаше во војна и немаше објавено вонредна положба, а е потписник на сите меѓународни конвенции за гарантирање на основните човекови права и слободи. Дали можат да се ослободат од секаква вина луѓе, кои што биле непосредни извршители на злосторствата што се намерни убиства, без да постои инкримирано дејство. Сето тоа и натаму го покрива молк, како да не било...“[37].

[36] Исто таму, 338.
[37] Исто, 178.